# SOCIAL, ECONOMIC AND POLITICAL FACTORS OF CRIME

**Trajkovska Daniela**
MIT University – Skopje, Republic of N. Macedonia, trajkovska_daniela@hotmail.com

**Abstract:** Personality is a product of social influences and educational upbringings. In addition to it the factors for committing crime are influenced by exogenous (internal) and endogenous (external) impacts. By making this work I will develop and expose the endogenous factors that influence the crime by social, economic and political impacts.
I would like to put special emphasis on the unemployment, poverty, migration, micro and macro environment, in the family, education, society, then politics, the influence of political parties, religion and mass media. Wealth and poverty are a major factors that today has a significant impact on people to engage them in committing crimes, especially from property delinquencies, migration and unemployment. In the Republic of Macedonia, unemployment really is very present in everyday life and the work for a minimum wage. We live in a time when children somehow are left alone. Their parents live their lives, where intolerance between spouses and divorces are very common and usually that affects children to engage in crime.
Today we live in a democratic society with a multi-party system, where people in the political party are involved in committing various kinds of criminal acts. The citizens have to be involved voluntarily or not in political party in order to find at least some hope for employment but usually they are tricked by political leaders and their followers which all this makes the functioning of the state very disabled for success on every field.
As I mentioned in my work, I want to expose the social, economic and political factors to the fullest and explain their influence on crime and with all that as a final conclusion to give a proposal for prevention.
**Keywords:** Factors; crime; society; personality; social; economically; political;

# СОЦИЈАЛНИ, ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ КРИМИНАЛОТ

**Трајковска Даниела**
МИТ Универзитет, Скопје, Република С. Македонија, trajkovska_daniela@hotmail.com

**Апстракт:** Личноста е продукт на општествените влијанија и воспитувањето. Врз неа покрај егзогените( внатрешни) фактори за извршувањето на криминал влијаат и ендогените (надворешни) влијанија. Со изработка на трудов ќе ги разработам ендогените фактори кои влијаат врз криианалот, односно социјалните, економските и политичките.
Посебен акцент во трудот ќе ставам на невработеноста, сиромаштијата, миграциите, микро и макро средината односно на семејството, образованието, друштвото, потоа политиката, влијанието на политичките партии, религијата и мас медиумите. Богатството и сиромаштијата се еден голем фактор кој денес има значително влијание врз луѓето за да се впуштат во извршување на кривични дела, особено од имотните деликти, потоа миграциите и невработеноста. Во Република Македонија невработеноста навистина завезема голем замав, или работењето за минимална плата. Живееме во доба кога децата на некој начин се оставени на себе, а родителите си живеат свој живот, каде што прељубата, нетолеранцијата меѓу брачните партнери и разводите се секојдневие а тоа влијае врз децата да се впуштат во криминал. Денес живееме во демократско општество со повеќе партиски систем, каде луѓето за која партија е во право се доаѓа до вршење на најразлични видови на кривичн дела, потоа од политиката им влијае и вработувањето и функционирањето на државата, политиката се вмеша и во религијата . Во мојот труд сакам социјалните, економските и политичките фактори да ги разложам на најситно и да ги образложам, да го објаснам нивното влијание врз криминалот и да дадам предлог за превенција.
**Клучни зборови:** Фактори; криминал; општество; личност; социјални; економски; политички

## 1. ВОВЕД

Криминогени фактори претставуваат сите оние околности и влијанија што преку своето заемно и поврзано етиолошко делување го предизвикуваат криминалното поведение.[242] Врз човековото однесување односно дали личноста ќе се впушти во вршење на криминал или не, зависи од ендогените внатрешни) фактори и

[242] Зоран Сулејманов, Криминологија, Скопје 2009, страна 245

егзогените (надворешни) фактори. Поводот за криминалното поведение се оние надворешните фактори, кои ги поттикнуваат внатрешните (психичките) услови , да добијат надворешна манифестација. Во овој труд ќе бидат обработени егзогените фактори, конкретно, социјалните, економските и политичките. Личноста, пак, се дефинира како збир на карактеристики на човекот кои го одредуваат неговото однесување, односно интегрирано и усогласено функционирање на неговите поединечни специфичности. Честопати во секојдневниот живот се употребуваат и поимите човек и индивидуа.[243]

## 2. ГЛАВЕН ДЕЛ

Под влијание на социјалните фактори настанува градење и менување на личност. Социјалните фактри имаат првенствено значајна улога врз градењето на личноста. Затоа често се нагласува дека личноста е бисоцијална појава и дека влијанието на социјалните фактори е биолошка основа, при што социјалните фактори се одлучни за формирањето на личноста.[244] Во социјални фактори спаѓаат: семејството, училиштето, другарите, односно она потесно опкружување или микрогрупни фактори. **Семејството.** Семејството е општествена заедница, биолошки, социјално, економски и психолошки јасно дефинирана. Во него се раѓаме, ги нагласуваме првите искуства, во него растиме, живееме и умираме.[245]Деградирано семејство претставува семејството во кое не постои љубов, доверба, разбирање и почитување туку се афирмираат спротивни принципи, тоа семејство не е во состојба да ја оствари својата основна функција во изградба на развој на поединецот кој флексибилно ќе се однесува кон надворешната стварност.[246] Во овие семејства застапени се кавгите, алкохолизмот, проституција, авантуризам и слични негативни однесувања. Дифициентно семејство претставува отсуство на еден родител дали поради работа во странство, издржување на затворска казна, напуштање на семејството, развод или смрт, на некој од неговите членови. Секоја непотполност во семејството како и деградираното носи до социопатолошко и криминално поведение.[247] Но покрај овие семејни фактори. Семејството како фактор може да се појави си многубројните челнови. Така многубројното семејство е многу силен и високоповторлив показател на деликвенција. [248] Влијанието на семејството најчесто влија врз личноста да изврши насилен криминал, сексуални деликти, имотни деликти, тероризам итн. **Образование.** Образованието е значајно во животот на секој човек, бидејќи му помага да стекне навики, начин на живот и начин на однесување во општеството. Тој го претставува целиот човечки процес на стекнување на знаења за реалноста од раѓање до крајот на животот и им овозможува на секоја генерација да продолжи со развојот на настаните што претходно настанале, во материјален и духовен развој. Образованието е услов за одржување и подобрување на животниот стандард. Ова значи дека може да помогне во промена на економскиот статус на поединецот. Треба да биде во функција на елиминирање на сиромаштијата и социјалните разлики, а за да се постигне тоа, таа треба да биде достапна под еднакви услови на сите слоеви од населението. [249] Во минатото се сметало дека нискообразованите личности вршат најмногу криминал, но денес е сосем поинаку. Нискообразованите , вршат кражби, силувања, убиства[250] но денес имаме сосем нови типови на криминал во кои сторителот е високо образовано лице и интелигентно, како што се банкарски измами, компјутерски криминал, тероризам, затајувања, фалсификувања, потоа прзиводство на санитетски дроги каде се злоупотребува науката, организиран криминал, клонирања, генетски модификации и слично. Но не се исклучок дека голем број на високообразовани лица како доктори,

[243]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D1%81%D0%B8%D1%85%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D0%BB%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0

[244]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D1%81%D0%B8%D1%85%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D0%BB%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0

[245] Porodica je osnova uzrasta i iskustva, ispunjenja ilineuspeha. Ona je isto tako osnova bolesti izdravlja.“(Ackerman,1966)
https://www.scribd.com/doc/59957834/Uticaj-porodice-na-razvoj-li%C4%8Dnosti-adolescenta

[246] Криминологија, Зоран Сулејманов, Скопје 2007, страна 303

[247] Ibid

[248] Оксфордски прирачник за Кримнологија, Мајк Мегваер, Род Морган и Роберт Рајнер, Нампрес, Скопје 2010, страна 614

[249] http://studenti.rs/skripte/pravo/uticaj-obrazovanja-nakrimilanitet/

[250] Kriminologija sa osnovima kriminalne politike I penologija, Drugo dopunjeno izdanje, Dr MilanMilutinović, Savremena Administracija, savremeno-stampacko preduzece, Beograd, 1973 godina, strana 302-303

психолози, судии, педагози се среќаваат како педофили односно лица во кои детето има доверба. **Сиромаштијата и невработеноста** влијаат врз имотниот криминалитет и насилничкиот криминалитет. Тешки кражби, разбојништва, што значи дека порастот на одредени области на криминалитет се бележи со пораст на насилство. Сиромаштијата и невработеноста, се појави коишто на општо ниво се изразито застапени, а на индивидуално ниво предизвикуваат разни фрустрации и реакции кај луѓето, па резултираат со негативни реакции. **Нелегалните миграции** имаат влијание по безбедноста на националната, индивидуалната и меѓународната безбедност. Така на пример масовната миграција, довело до нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем. Во врска со ова, досега се евидентирани случаи: конфликтот меѓу имигрантите и полицијата (на пример, во немирите за имигрантите во Унгарија, полицијата употреби солзавец, грчката полиција се судрила со илегалните имигранти кои се наоѓаале во поранешната грчка воена база во градот Коринт, чекајќи депортација и уапсени 47 Авганистанци биле вклучени во конфликтот, по тој повод 18 членови на полицијата25 биле повредени, итн.);[251] Конфликтот меѓу анти-владините демонстранти и полицијата (на пример, во Грција, околу 500 антивладини демонстранти се судриле со полицијата барајќи владата да ја уништи оградата и да им дозволи на бегалците да слетаат, а не да ги ризикуваат своите животи на поморската рута.[252] Индивидуалната безбедност е исто така ризик од илегална миграција. Првенствено кон самите мигранти. Мигрантите се често жртви на грабеж, шверц, измама, трговија со луѓе за присилна работа, безбедност при работа. Тие можат да бидат жртви на трговија со органи, проституција и сл. Ризик од живот на мигранти, здравствени ризици, кршења на човековите права. [253]Потоа мигрантите како илегални имигранти не можат да стекнат законска работна врска. Работата на "црно" не е социјално осигурана. Поради проширувањето на меѓународните миграции, тензиите во односите на европските земји значително се зголемија, поради што е загрозена меѓународната безбедност. Прво доаѓаат дипломатски недоразбирања кога се јавуваат проблеми во меѓудржавната комуникација. Имено, водени од (лични) национални интереси за да се создадат што е можно помалку мигранти од Сирија и други земји каде што некои "работат" за ИСИС, европските земји почнаа да се жалат дека некои од нив дозволиле мигранти да влезат во Европа и да се движат низ Стариот континент. [254] Во политички фактори кои доведуваат до криминал спаѓаат религијата, етничките определеност ,партиската определеност и сл кои најчесто водат до криминал од омраза. Криминалот од омраза секогаш е заснован на сторено кривично дело пропишано во одредба од казнен или друг законик што наметнува некаква форма на казна за забранeто однесување. Без тој почетен, криминален чин, не би постоело криминал од омраза.[255] Најчести дела се геноцидот, силувања, нанесување телесни повреди, убиства, уништување на имот итн.

---

[251] http://www.advance.hr/
vijesti/nakon-podizanja-ograde-izbili-sukobi-izmedu-makedonske-interventne-polici- je-i-migranata-na-granici/advance, napredno novinarstvo

[252] Srušite ogradu: Sukob demonstranata i policije na Lezbosu, dostupno na: http://www.srbijada-nas.com/clanak/srusite-ogradu-sukob-demonstranata-i-policije-na-lezbosu (

[253] http://pravodaznaes.mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B8/31-mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B8/452-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%BE-%D0%B8%D0%BB%D0%B5%D0%B3%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BC%D0%B8%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D0%B1%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D0%BB

[254] BEZBEDNOSNI RIZICI SAVREMENIH MIGRACIJA1 Saša Mijalković2, Kriminalističko-policijska akademija, Beograd
Ivan Petrović Univerziteta Union – Nikola Tesla , Fakultet za međunarodnu politiku i bezbednost, Beograd

[255] ПОСТАПУВАЊЕ ПО КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“,
Скопје 343.3/.7:316.647.5(036)
https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/337141?download=true

## 3. ЗАКЛУЧОК

Семејството, образованието, друштвото како социјални фактори имаат доста важна улога врз личноста и се мал дел од ризиците кои влијаат врз криминалот. Исто така забележавме дека и економските состојби во државата како сиромаштијата и невработеноста , малата плата играат доста голема улога врз порастот на криминалот како и политичките фактори. Особена улога завземаат миграциите и говорот на омраза, нетолеранцијата итн. За да се намали криминалот треба да се работи врз превенцијата и превземањето на превентивни мерки преку најразличн проекти, маркетинг и слично.

## ЛИТЕРАТУРА

Мегваер, М. Морган, Р. и Рајнер, Р. (2010). *Оксфордски прирачник за Кримнологија*. Нампрес. Скопје
Сулејманов, З. (2007). *Криминологија.* Скопје
*ПОСТАПУВАЊЕ ПО КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ* CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“. Скопје 343.3/.7:316.647.5(036 https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/337141?download=true
Milutinović, M. (1973). *Kriminologija sa osnovima kriminalne politike I penologija, Drugo dopunjeno izdanje,* Savremena Administracija, savremeno-stampacko preduzece. Beograd
Petrovic, I. Univerziteta Union – Nikola Tesla. *BEZBEDNOSNI RIZICI SAVREMENIH MIGRACIJA1* Mijalković, S. Kriminalističko-policijska akademija. Beograd, Fakultet za međunarodnu politiku i bezbednost. Beograd

**Интернет**
https://www.scribd.com/
https://mk.wikipedia.org/
http://studenti.rs/
http://www.srbijada- nas.com
http://pravodaznaes.mk
https://www.osce.org/mk